ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
Бр. 01 - 9/1
23.11. 2009 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 7 став (1) алинеа 1 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/08) Управниот одбор на Државниот испитен центар на седницата одржана на 21.10.2009 година, донесе

# *СТАТУТ*
# на Државниот испитен центар

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој статут се уредуваат: називот, седиштето, надлежностите, внатрешната организација, управувањето, раководењето, финансирањето, јавноста во работењето и други прашања од значење за работењето на Државниот испитен центар - Скопје (во натамошниот текст: Центарот).

### Член 2

Центарот е надлежен за организирање и спроведување на екстерно оценување на постигањата на учениците во основното и средното образование, за оспособување на кандидати за директори, како и полагање на испитот за директори на основните и средните училишта.

## II. НАЗИВ И СЕДИШТЕ

### Член 3

Називот на установата е: Државен испитен центар - Скопје.

Скратен назив на Центарот е: ДИЦ

Центарот е со седиште на ул. „Васил Ѓоргов" бб - Скопје.

Називот на Установата во меѓународни рамки е National Examinations Centre.

Архивски знак: 01-9/1 0101
Рок на чување: 1 год.
23.11 2010 година
Потпис

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**Член 4**

Центарот има свој печат и штембил.

Печатот има кружен облик и во средината го содржи грбот на Република Македонија, а околу него има два концентрични круга.

Во внатрешниот круг на македонски јазик и неговото кирилско писмо е напишано Државен испитен центар - Скопје, а во надворешниот круг е напишано Република Македонија.

Штембилот има правоаголна форма во кој е напишано Република Македонија, називот на Центаро,т со дополнување на архивскиот број и датумот на прием на документите.

Печатот и штембилот се употребуваат и чуваат од страна на овластени лица на начин утврден со посебен акт, донесен од страна на Управниот одбор на предлог на директорот.

## III. НАДЛЕЖНОСТИ

**Член 5**

За остварување на работите од својот делокруг Центарот е надлежен да:

- учествува во подготовка на концепцијата за матура и завршен испит во средното образование;
- изготвува испитни програми за екстерните испити во државната матура, училишната матура и завршниот испит во средното образование во соработка со Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасните;
- изготвува стандардизирани тестови за екстерните испити во државната матура;
- изготвува банка на испитни задачи за екстерното проверување на постигањата на учениците во основното и средното образование во соработка со Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасните;
- изготвува стандардизирани тестови за екстерно проверување на постигањата на учениците во основното и средното образование;
- го развива и одржува информацискиот систем за вреднување на постигањата на учениците на екстерните испити во основното и средното образование и на екстерните испити во државната матура;
- ги објавува на своја веб страница испитните програми, информации и други материјали за државната матура,

училишната матура и завршниот испит и друг вид екстерни проверки на постигањата на учениците;

- подготвува стручни материјали и врши обука на наставниците во врска со оценувањето на постигањата на учениците на испитите од матурата и завршниот испит;
- определува локални координатори и тестатори за реализација на екстерните испити во државната матура;
- определува оценувачи за вреднување на постигањата на учениците на екстерните испити во основното и средното образование, како и на екстерните испити во државната матура;
- формира државни предметни матурски комисии;
- формира комисии за екстерно проверување на постигањата на учениците на крајот на учебната година;
- врши обука на локалните координатори, тестаторите и оценувачите и други надворешни соработници;
- врши обука на членовите на државните предметни матурски комисии;
- врши обука на претседателите и секретарите на училишните матурски комисии;
- врши организациски и технички задачи за спроведување на екстерните испити на државната матура;
- ја координира работата на државните предметни матурски комисии;
- ја координира работата на училишните матурски комисии;
- ги прибира, обработува и анализира податоците за резултатите од екстерните испити;
- обезбедува заштита на тајноста на подготовката, печатењето; дистрибуцијата и чувањето на испитниот материјал;
- врши обука на кандидатите за директори на основни и средни училишта;
- му предлага на министерот надлежен за образование (во натамошниот текст: министерот) Програма за подготвување и полагање на испит за директор на основни и средни училиште;
- го спроведува испитот за директори на основни и средни училишта;
- издава уверенија на кандидатите кои го положиле испитот за директори на основни и средни училишта;
- врши стручно-административни и финансиски работи за потребите на Државниот матурски одбор и државните предметни матурски комисии;
- соработува со сродни меѓународни институции и зема учество во меѓународни студии (тестирања);

- издава стручна литература од делокругот на своето работење;
- врши други работи утврдени со закон и овој статут.

## IV. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА

### Член 6

Организациони единици на Центарот се сектори и одделенија.

Внатрешната организација на Центарот, програмирањето и извршувањето на работите и работните задачи, називот и звањата на работните места, видот и степенот на стручната подготовка, описот на работите и другите услови потребни за вршење на работите во Центарот се уредува со Правилник за внатрешна организација и работа и Правилник за систематизација на работните места.

## V. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

### Член 7

Органи на Центарот се Управниот одбор и директорот.

### Управен одбор

### Член 8

Орган на управување во Центарот е Управниот одбор.

Управниот одбор се состои од седум члена од кои еден е претседател, и тоа: по два члена од редот на вработените од Центарот и од Бирото за развој на образованието, еден член од Министерството за образование и наука, еден од Центарот за стручно образование и обука и еден од Интеруниверзитетската конференција.

Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Владата на Република Македонија имајќи ја предвид соодветната и правична застапеност на припадниците на заедниците на чии јазици и писмо се остварува наставата во основното и средното образование.

Претседателот и членовите на Управниот одбор се именуваат со мандат од шест години и можат само уште еднаш повторно да бидат именувани.

### Член 9

Мандатот на членовите на Управниот одбор почнува да тече од неговото конституирање.

На првата конститутивна седница се врши верификација на мандатот на членовите на Управниот одбор врз основа на Решение на Владата на Република Македонија за именување претседател и членови на Управниот одбор.

### Член 10

За претседател и член на Управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- да има завршено високо образование и
- да има работно искуство од најмалку пет години во воспитно-образовна дејност или во орган на државната управа надлежен за работите во образованието.

### Член 11

Постапката за избор на членови на Управниот одбор започнува три месеци пред истекот на мандатот на Управниот одбор.

### Член 12

Предлогот на претставниците на вработените во Центарот, за членови на Управниот одбор се дава од страна на Стручниот колегиум на Центарот.

Изборот на претставниците од ставот 1 на овој член се врши по правило со јавно гласање, а може да се спроведе и со тајно гласање доколку за предлогот за тајно гласање се изјасниле повеќето од половината од вкупниот број на членовите на Стручниот колегиум.

Доколку за можни членови бидат предложени поголем број кандидати од утврдениот број кој треба да бидат избрани, за избрани се сметаат оние двајца кои добиле најголем број гласови од Стручниот колегиум.

### Член 13

Управниот одбор на Центарот ги има следниве надлежности:

- го донесува овој статут;
- ги донесува општите акти од делокругот на работењето на Центарот;
- донесува Деловник за работа на Управниот одбор;

- донесува одлука за распишување на јавен конкурс за избор на директор и на заменик-директор;
- распишува јавен конкурс за избор на директор и на заменик-директор;
- врши интервју со пријавените кандидати за директор и за заменик директор;
- врши избор и разрешување на директор и на заменик директор;
- го усвојува извештајот од редовниот годишен попис на имотот;
- ја донесува Годишната програма за работа на Центарот и ја доставува до Министерството за образование и наука и до Владата на Република Македонија најдоцна до 31 јануари;
- ја донесува завршната сметка;
- го донесува Годишниот извештај за работењето на Центарот и го доставува до Министерството за образование и наука до Владата на Република Македонија најдоцна до 31 јануари;
- дава согласност на актите за организација и работа и систематизација на работни места на Центарот;
- одлучува по приговорите во врска со работниот однос на вработените во Центарот;
- врши и други работи утврдени со закон и овој статут.

**Член 14**

Управниот одбор одлуките ги донесува на седници.

Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот, а во негово отсуство член на Управниот одбор овластен од претседателот.

Управниот одбор може да се свика по предлог на директорот на Центарот или по предлог на најмалку три члена на Управниот одбор.

Управниот одбор може полноправно да работи доколку се присутни повеќе од половина од вкупниот број членови.

Одлуката се смета за донесена доколку за неа гласале повеќе од половина од вкупниот број на членови на Управниот одбор (апсолутно мнозинство).

Управниот одбор може да донесува и одлуки со мнозинство гласови од присутните членови.

За усвојување на Статутот, Годишната програма за работа, Годишниот извештај за работа, Финансискиот план, изборот и разрешувањето на директорот и заменик директорот на Центарот, Управниот одбор одлучува со апсолутно мнозинство.

Работата на Управниот одбор поблиску се уредува со Деловникот за работа на Управниот одбор.

**Член 15**

Претседателот или членот на Управниот одбор може да биде разрешен и пред истекот на мандатот, ако:

- сам тоа го побара;
- во случај на спреченост на вршењето на функцијата поради болест во траење подолго од шест месеци непрекинато;
- работи спротивно на одредбите на законите и овој статут.

**Директор**

**Член 16**

Орган на раководење во Центарот е Директорот.

Директорот се избира и разрешува од страна на Управниот одбор.

Директорот се избира по пат на јавен конкурс објавен во најмалку два дневни весници, од кои еден е на македонски јазик и еден е на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и е различен од македонскиот јазик.

Директорот се избира за време од пет години, и може повторно да биде избран.

**Член 17**

Јавниот конкурс за избор на директор го спроведува комисија составена од три члена, која ја формира Управниот одбор.

Комисијата во рок од пет дена од денот на завршувањето на јавниот оглас, на Управниот одбор да му достави листа со образложение за кандидатите кои ги исполнуваат условите за директор утврдени во конкурсот.

Управниот одбор во рок од осум дена по приемот на листата врши интервју со кандидатите кои што ги исполнуваат условите за директор.

Во рок од три дена по завршувањето на интервјуто врши избор на директор.

Ако на јавниот конкрс за избор на директор не се пријават кандидати, се пријават кандидати кои не ги исполнуваат условите или по спроведената постапка за избор на директор не биде избран директор, се распишува нов јавен оглас.

Ако поради причините од став 5на овој член не се избере директор или предвреме му престанал мандатот, Управниот одбор без јавен конкурс ќе именува вршител на должноста директор, по правило, од редот на вработените во Центарот.

Вршител на должноста директор ги има сите права и должности како директорот на Центарот.

Вршител на должноста директор се именува за време до изборот на директор, а најдолго за шест месеци без право на повторно именување за вршител на должноста директор.

За вршител на должноста директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите како за избор на директор.

### Член 18

За директор може да биде избрано лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија;
- да има завршено високо образование;
- да има најмалку шест години работно искуство во воспитно-образовна дејност или во орган на државната управа надлежен за работите во образованието.

### Член 19

Во случај на отсутност или спреченост Директорот го заменува заменик-директор кој врши работи дадени со писмено овластување од директорот.

Одредбите кои се однесуваат на изборот, разрешувањето и мандатот на директорот на центарот се однесуваат и на заменик-директорот.

### Член 20

Директорот на Центарот ги врши следниве работи:

- раководи со работата на Центарот;
- го претставува и застапува Центарот;
- ги извршува одлуките на Управниот одбор;
- ги предлага Годишната програма за работа на Центарот, Статутот и завршната сметка до Управниот одбор;
- го предлага Годишниот извештај за работа на Центарот до Управниот одбор;
- ја организира реализацијата на Годишната програма на Центарот;
- одлучува за потребата од засновање работен однос;
- донесува одлуки за засновање и за престанок на работниот однос на вработените од Центарот;
- ги донесува актите во врска со работниот однос на вработените и одлучува за други права и обврски на вработените во Центарот;

- склучува договори за реализацијата на надлежностите на Центарот;
- потпишува решенија, налози и други акти согласно закон;
- одобрува отсуства на вработените;
- одредува замена на ненадејно отсутни работници;
- претседава и раководи со седниците на Стручниот колегиум;
- формира комисии за потребите на Центарот;
- врши избор на локални координатори, тестатори, оценувачи и други надворешни соработници;
- врши избор на преведувачи и на независни читачи на испитниот материјал;
- склучува договори со локалните координатори, тестатори, оценувачи и други надворешни соработници за нивните права и обврски;
- ги спроведува процедурите за надзор и контрола на тајноста на подготовката, печатењето, дистрибуцијата и чувањето на испитниот материјал;
- одговара за материјално-финансиското работење и законитоста на работите од негова надлежност;
- врши други работи утврдени со закон и овој статут.

**Член 21**

Директорот на Центарот формира советодавни тела и ангажира надворешни соработници по пат на јавен конкурс согласно условите предвидени во Правилникот за избор на надворешни соработници.

Директорот врши изборот на членовите на советодавните тела и надворешните соработници од ставот 1 на овој член од редот на кандидатите кои ги исполниле условите утврдени во јавниот конкурс.

**Член 22**

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот за кој што е избран, ако:

- тоа сам го бара,
- во случај на спреченост на вршењето на функцијата поради болест во времетраење подолго од шест месеци непрекинато;
- се утврдат сериозни неправилности во неговото материјално-финансиско работење, поради што е нанесена штета на Центарот;
- одаде податок кој е класифицирана информација согласно со прописите за класифицирани информации;

- во случај на работење спротивно на процедурите за тајност на подготовката, печатењето, дистрибуцијата, чувањето и оценувањето на испитниот материјал;
- работи спротивно на одредбите на законот и овој статут.

## VI.СТРУЧЕН КОЛЕГИУМ

### Член 23

Центарот има стручен колегиум кој го сочинуваат:

- директорот;
- заменик директорот;
- раководителите на секторите.

### Член 24

Стручниот колегиум ги врши следните работи:

- ги утврдува основите на Програмата за работа и развој на Центарот;
- му дава мислења и предлози на директорот во поглед на организацијата на работата, условите за работа и развој на дејноста на Центарот;
- предлага претставници на вработените во Центарот за членови на Управниот одбор
- врши и други работи од интерес на Центарот.

Стручниот колегиум работи на седници кои ги свикува директорот.

## VII. ИНФОРМИРАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

### Член 25

За работата на Центарот и органите на управување и раководење, вработените се информираат преку огласна табла и состаноци со вработените.

Информирањето го врши директорот, заменикот-директор и претседателот на Управниот одбор преку одлуки, решенија, извештаи и информации.

За вистинитоста на информациите одговара органот на Центарот кој истата ја објавил.

## VII. ФИНАНСИРАЊЕ НА РАБОТАТА НА ЦЕНТАРОТ

### Член 26

Средствата за вршење на дејноста на Центарот се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

Центарот може да стекнува сопствени приходи и од:

- извршени услуги кои се резултат на вршење на основната дејност;
- легати, подароци, завештенија;
- други извори.

Средствата од ставовите 1 и 2 на овој член ќе се користат согласно закон според финанскиот план на Центарот.

## VIII. ЗАШТИТА НА ТАЈНОСТА НА ИСПИТНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ И ПОДАТОЦИ

### Член 27

Со испитните материјали и податоци се постапува согласно член 15 од Законот за државниот испитен центар.

Испитните материјали и податоци во врска со спроведувањето на испити и истражувања во основното и средно образование имаат карактер на класифицирана информација со соодветен степен на тајност и се сметаат за доверливи – тајни, согласно со Законот за класифицирани информации и Правилникот за заштита на тајноста на испитните материјали и податоци.

## IX. ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА

### Член 28

Работата на Центарот е јавна.

Центарот ја информира јавноста за извршувањето на својата дејност преку:

- средствата за јавно информирање;
- одржувањето и ажурирањето на својата веб-страница;
- одржување на стручни собири и советувања;
- издавање публикации и
- на други соодветни начини.

**Член 29**

Центарот благовремено и на соодветен начин ја информира јавноста, правните лица и другите корисници за условите и начинот на спроведувањето на испитите и другите надлежности за кои е основан.

Податоците и информациите за работата на Центарот ги дава директорот или лицето кое тој ќе го овласти.

**Член 30**

За јавната работа на Центарот одговорни се Управниот одбор и директорот.

**Член 31**

Одделни прашања што се уредени со овој статут, може поблиску да се уредат со правилници, одлуки, упатства, решенија и други акти.

**Член 32**

Изменувањето и дополнувањето на овој статут се врши на начин како и за неговото донесување.

**Член 33**

Овој статут влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла на Центарот а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

**Бр. 01-1/1**
**21.10.2009 година**
**Скопје**

**Претседател на Управниот одбор**
**на Државниот испитен центар**
***Елена Ивановска***

Република Македонија Државен испитен центар Скопје